Организација на
Обединетите нации за
образование, наука и
култура

# Глобално граѓанско образование

## ТЕМИ И ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ



Global
Citizenship
Education

Објавено во 2019 година од страна на Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации, 7, place de Fontenoy, 75352 Paris 07 SP, Франција

© УНЕСКО 2019/Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието

ISBN 978-92-3-100102-4

Оваа публикација е достапна во отворен пристап под ознаката ShareAlike 3.0 IGO (CC- BY-SA 3.0 IGO), лиценца (http://creativecommons.org/licenses/by-sa/3.0/igo/). Со користење на содржината на оваа публикација, корисниците ги прифаќаат условите на репозиториумот на УНЕСКО за отворен пристап (http://www.unesco.org/open-access/terms-use-ccbysa-en).

Оргинален наслов : Global Citizenship education : Topics and learning objectives. Прв пат објавено во 2015 од страна на Организацијата на Обединетите Нации за Образование, Наука и Култура ( УНЕСКО) , 7 , place de Fontenoy 75352, Paris 07 SP , Франција

Употребените ознаки, како и материјалот презентиран во оваа публикација, не се израз на какво било мислење на УНЕСКО во однос на правниот статус на која било земја, територија, град или област или на нивните органи на власт, или во поглед на разграничувањето на нивните територии или граници.

Идеите и ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите; тие не се составен дел од УНЕСКО и не ја обврзуваат Организацијата.

Фотографија од насловната страна: © Shutterstock/mama_mia
Кредити: стр. 12–13, стр. 20, стр. 44–45 ©

Шатерсток/Данило Старошчук (Shutterstock/Danylo Staroshchuk)

Графички дизајн: Аурелија Мазојер (Aurelia Mazoyer)

Печатено од УНЕСКО

Печатено во Франција

# Глобално граѓанско образование

## ТЕМИ И ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ

# Содржина


Предговор 7

Благодарници 9

Листа на скратеници (акроними) 11

1. Вовед 13
   1.1. Што е глобално граѓанско образование? 14
   1.2. Како беше развиен овој прирачник? 17
   1.3. За кого е наменет овој прирачник и како може да се користи? 18

2. Содржини за учење на прирачникот за глобално граѓанско образование 21
   2.1. Подрачја на учење (домени) 22
   2.2. Резултати 22
   2.3. Атрибути 23
   2.4. Теми 25
   2.5. Цели 25
   2.6. Клучни зборови 26
   2.7. Матрица за насоки 26

3. Спроведување на глобалното граѓанско образование 45
   3.1. Како да се интегрира во образовните системи? 46
   3.2. Како да го испорачаме во училница? 51
   3.3. Како да се оценат резултатите од учењето? 56

Анекси 59
   Анекс 1: Избрани онлајн практики и ресурси 60
   Анекс 2: Библиографија 67
   Анекс 3: Листа на учесници на терен 74

# Листа на табели


Табела А: Целосно упатство 28

Табела Б: Теми и разработени цели на учење 30

Б.1. Тема: Локални, национални и глобални системи и структури 32

Б.2. Тема: Прашања кои влијаат врз интеракцијата и поврзаноста на заедниците на локално, национално и глобално ниво 33

Б.3. Тема: Основни претпоставки и динамика на енергија 34

Б.4. Тема: Различни нивоа на идентитет 35

Б.5.Тема: Различни заедници на кои припаѓаат луѓето и како се поврзани 36

Б.6. Тема: Разлики и почит кон различностите 37

Б.7. Тема: Акции кои може да се преземат поединечно и колективно 38

Б.8. Тема: Етички одговорно однесување 39

Б.9. Тема: Ангажман и преземање акција 40

Табела В: Клучни зборови 42


# Листа на текстуални рамки


Рамка 1: Основни концептуални димензии на глобалното граѓанско образование 15

Рамка 2: Како да се користат педагошките насоки на ниво на држава? 18

Рамка 3: Клучни резултати од учењето 22

Рамка 4: Клучни атрибути на учениците 23

Рамка 5: Теми 25

# Предговор

УНЕСКО го промовираше глобалното граѓанско образование од започнувањето на Првата иницијатива за глобално образование (Global Education First Initiative – GEFI) на генералниот секретар на Обединетите нации (ОН) во 2012 година, што го поттикна глобалното граѓанство како еден од трите приоритети на образованието.

Овој прирачник, насловен како *Глобално граѓанско образование*: *теми и цели на учење*, е прв педагошки прирачник na УНЕСКО за глобалното граѓанско образование. Тој е резултат на едно обемно истражување и консултации со експерти од различни делови на светот. Овој прирачник се темели на публикацијата на УНЕСКО за *Глобално граѓанско образование: подготовка на учениците за предизвиците на 21-от век* и резултатите од трите клучни настани на УНЕСКО за глобалното граѓанско образование: *Техничките консултации за глобално граѓанско образование* (септември 2013 г.), како и *Првата* и *Втората конференција на УНЕСКО за глобално граѓанско образование*, соодветно организирани во декември 2013 и јануари 2015 година. Пред да биде завршен, прирачникот беше проверен на терен од страна на учесници во образованието во селектирани земји во сите региони за да се обезбеди негова релевантност во различни географски и социокултурни контексти.

По темелната работа на УНЕСКО за да се разјаснат концептуалните основи на глобалното граѓанско образование и за да се обезбедат политички и програмски насоки, овој документ беше развиен како одговор на потребите на земјите членки за сеопфатни упатства за интегрирање на глобалното граѓанско образование во нивните образовни системи. Во него се презентираат предлози за претворање на концептите за глобално граѓанско образование во практични и специфични теми согласно возраста и целите на учење на начин кој овозможува адаптација во локални контексти. Наменет е како ресурс за едукаторите, за креаторите на наставните програми, за обучувачите, како и за креаторите на образовните политики, но, исто така, може да биде корисен и за другите учесници во образованието кои работат во неформалното и информалното образование.

Во време кога меѓународната заедница е повикана да ги дефинира активностите за унапредување на мирот, благосостојбата, просперитетот и одржливоста, овој нов документ на УНЕСКО нуди насоки за да им помогне на земјите членки да обезбедат учениците од сите возрасти и потекла да се развијат во информирани, критички образувани, социјално поврзани, етички и ангажирани глобални граѓани.

д-р Чиан Танг,
помошник генерален директор за образование

# Благодарници

Овој педагошки прирачник насловен како *Глобално граѓанско образование*: *теми и цели на учење* беше нарачан од Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО). Неговата подготовка, под водство на Су Хуанг Чои, директорот на одделението за настава, учење и содржина на УНЕСКО, беше координирана од Крис Касл, Лидија Рупрехт и Теофанија Кавација од Секторот за здравство и глобално граѓанско образование.

Дина Киван, вонреден професор на *Американскиот универзитет* во Бејрут и Марк Еванс, вонреден професор на универзитетот во Торонто, дадоа придонес на авторите на овој документ. Кети Атавел и Џејн Калиста, независни консултанти, уредија различни нацрти.

УНЕСКО го свика состанокот на Експертската советодавна група (ЕАГ) за глобално граѓанско образование (ГЦЕД) (Париз, јуни 2014 г.) и би сакал да ја изрази својата благодарност до сите оние кои учествуваа на состаноците и/или дадоа коментари на различни нацрти: Еби Рајкес, седиште на УНЕСКО; Алберт Мотиванс, УИС; Александер Лајхт, седиште на УНЕСКО; Каролина Ибара, „Универзидад де лос Андес“, Колумбија; Дакмара Георгеску, УНЕСКО во Бејрут; Кароли Буклер, канцеларија на УНЕСКО; Дирк Хастед, ИЕА; Фелиса Тибитс, извршен директор и основач на здруженијата за едукација за човекови права; Гванг Чои Чанг, УНЕСКО, Бангкок; Хуеџеонг Ким, АПЦЕИУ; Инџаиру Кулунду, „Активејт! Чејнџ Драјверс“; Џеонгмин Еом, АПЦЕИУ; Џји Мин Чо, КИЦЕ; Џјинхи Ким, КЕДИ; Јун Морохаши, УНЕСКО, Хаити; Кејт Андерсон-Симонс, ЛМТФ, Брукингс; Коџи Мијамото, ОЕЦД; Мигуел Силва, „Центар север – југ“ на Советот на Европа; Мухамед Фаур, универзитет во Њујорк; Онемус Киминза, Министерство за образование, Кенија; Ралф Карстенс, ИЕА; Стефани Кнокс-Кубон, *Наставници без граници*; Тони Џенкинс, универзитет во Толедо; Вернер Винтерстајнер, *Универзитет „Клагенфурт“*; Винг Он Ли, *Национален институт за образование*, Сингапур; Јоланда Лејвас, *Национален институт за евалуација на образованието*, Мексико.

Писмени коментари и прилози, исто така, се добиени и од: Акеми Јонемура, УНЕСКО, Дакар; Алиенор Салмон, УНЕСКО, Бангкок; Амалија Миранда Серано, УНЕСКО, Бангкок; Амина Хамшари, седиште на УНЕСКО; Ананта Кумар-Дураиапах, МГИЕП; Кристина фон Фурстенберг, седиште на УНЕСКО; Хегази Идрис Ибрахим, УНЕСКО во Бејрут; Хугуе Чарние Нгандеу Нгата, седиште на УНЕСКО; Мусафир Шанкар, МГИЕП; Набила Џамшед, МГИЕП; Оперти Ренато, ИБЕ. Писмените коментари беа примени од Маргарет Синклер, ПЕИЦ, како и усни прилози од другите учесници на Вториот форум на УНЕСКО за глобално граѓанско образование (28 – 30 јануари 2015 г.).

УНЕСКО, исто така, би сакал да им се заблагодари на оние кои учествуваа во процесот на тестирање на терен за нивните корисни повратни информации. Тука се вклучени: АПЦЕИУ – за координирање на повратни информации од корејски наставници; Фади Јарак, Министерство за образование и високо образование во Либан, за обезбедување на повратни информации од официјалните претставници на Министерството, како и Мари Кристин Лекомпт, Оливија Флорес и Роси Агои, АСПнет-координатори во Канада, Мексико и Уганда, заедно со училиштата, наставниците и учениците во овие земји кои учествуваа на теренското тестирање.

Конечно, им се заблагодаруваме и на Шантал Лијард, кој обезбеди уредничка поддршка, на Аурелија Мазојер, која се погрижи за дизајнот и изгледот, како и на Мартин Викенден и Нана Енгебретсен, кои обезбедија поддршка за изработка на овој документ.

# Листа на скратеници

| | |
|---|---|
| **АПЦЕИУ** | Азископацифички центар за образование за меѓународно разбирање |
| **АСПнет** | Проектна мрежа на здружени училишта (УНЕСКО) |
| **ЕАГ** | Советодавна група на експерти |
| **ЕЦОВАС** | Економска заедница на западноафриканските држави |
| **ЕСЦ** | Образование за социјална кохезија |
| **ЕСД** | Образование за одржлив развој |
| **ГЦЕД** | Глобално граѓанско образование |
| **ГЕФИ** | Прва глобална образовна иницијатива (на генералниот секретар на ОН) |
| **ГИЗ** | Германско друштво за меѓународна соработка |
| **ХИВ/АИДС** | ХИВ/СИДА |
| **ХК** | Седиште |
| **ИБЕ** | Меѓународно биро за развој (УНЕСКО) |
| **ИКТ** | Информациска и комуникациска технологија |
| **ИЕА** | Меѓународна асоцијација за евалуација на образовните достигнувања |
| **КЕДИ** | Институт за развој на образованието на Кореја |
| **КИЦЕ** | Институт за развој на наставни планови и програми на Кореја |
| **ЛМТФ** | Работна група за мерење на учењето |
| **ЛТЛТ** | Учење да се живее заедно |
| **МГИЕП** | Институт за образование за мирен и одржлив развој „Махатма Ганди“ |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОХЦХР** | Канцеларија на високиот комесар на Обединетите нации за човекови права |
| **ОБСЕ/ОДИХР** | Организација за безбедност и соработка на Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| **ПЕИЦ** | Заштита на образованието во несигурност и конфликт |
| **СДГс** | Цели за одржлив развој |
| **УИС** | Институт за статистика на УНЕСКО |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ОК** | Обединето Кралство |
| **УНЕП** | Програма за животна средина на Обединетите нации |
| **УНЕСКО** | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура |
| **УНИЦЕФ** | Детски фонд на Обединетите нации |



# 1

# Вовед



## 1.1. Што е глобално граѓанско образование?

*„Образованието ни дава длабоко разбирање дека ние сме заедно поврзани како граѓани на глобалната заедница и дека нашите предизвици се меѓусебно поврзани.“* — *Бан Ки Мун, генерален секретар на ОН*

Граѓанскиот концепт еволуирал со текот на времето. Историски гледано, граѓанството не се прошири на сите, на пример, само мажите или сопствениците на имоти имаа право да бидат граѓани. Во текот на минатиот век постепено се одеше кон сеопфатно разбирање на граѓанството, под влијание на развојот на граѓанските, политичките и социјалните права[2]. Меѓу другите фактори, сегашните перспективи за национално граѓанство се разликуваат меѓу земјите, одразувајќи ги разликите во политички и историски контекст.

Големиот глобализиран свет ги покрена прашањата за тоа што претставува значајно граѓанство, како и за неговите глобални димензии. Иако поимот граѓанство што ја надминува националната држава не е нов, промените во глобален контекст, на пример, воспоставувањето меѓународни конвенции и договори, растот на транснационалните организации, корпорациите и граѓанско општествените движења и развојот на рамката на меѓународните човекови права, имаат значајни импликации за глобалното граѓанство. Мора да се признае дека постојат различни перспективи за концептот на глобалното граѓанство, како што се степенот до кој се проширува и се дополнува традиционалното граѓанство, дефинирано во однос на државата на нацијата или до кој степен се натпреварува со неа.

Глобалното граѓанство[3] се однесува на чувството за припадност кон поширокатa заедница и заедничкото човештво. Тоа ја нагласува политичката, економската, социјалната и културната меѓузависност и меѓусебната поврзаност на локалното, националното и глобалното.

Сè поголемиот интерес за глобалното граѓанство резултираше со зголемување на вниманието на глобалната димензија во образованието на граѓаните, како и на импликациите врз политиката, наставните програми, учењето и поучувањето[4]. Глобалното граѓанско образование подразбира три основни концептуални димензии, кои се заеднички за различните дефиниции и толкувања на глобалното граѓанско образование. Овие основни концептуални димензии се потпираат на прегледот на литература, концептуалните рамки, пристапите и наставните програми за глобално граѓанско образование, како и на техничките консултации и неодамнешната работа во оваа област од страна на УНЕСКО. Тие можат да послужат како основа за дефинирање на целите на глобалното граѓанско образование, целите и компетенциите на учењето, како и приоритетите за оценување и вреднување на учењето. Овие основни концептуални димензии се темелат и опфаќаат аспекти од сите три подрачја (домени) на учење: когнитивно, социоемоционално и бихевиорално.

1 Види: Heater (1990); Ichilov (1998); Isin (2009).

2 Види: Marshall (1949).

3 UNESCO. *Global citizenship education: Preparing learners for the challenges of the 21st century*. 2014.

4 Види: Albala-Bertrand (1995); Banks (2004); Merryfield (1998); Peters, Britton and Blee (2008).

Тие се меѓусебно поврзани и се прикажани подолу. Секое од нив укажува на подрачјето на учење на кое тие најмногу се фокусираат во процесот на учење:

**Рамка 1: Основни концептуални димензии на глобалното граѓанско образование**

| **Когнитивно** |
|---|
| **Да се стекнат знаења, разбирање и критичко размислување за глобалните, регионалните, националните и локалните прашања и за меѓусебната поврзаност и меѓузависност на различните земји и население.** |

| **Социоемоционално** |
|---|
| **Да се има чувство на припадност на заедничкото човештво, споделување на вредности и одговорности, емпатија, солидарност и почит кон разликите и различностите.** |

| **Бихевиорално** |
|---|
| **Да се дејствува ефикасно и одговорно на локално, национално и глобално ниво за помирен и одржлив свет.** |

Глобалното граѓанско образование има за цел преобразба, градење знаења, вештини, вредности и ставови со кои учениците треба да се оспособат да придонесат за поинклузивен, поправеден и помирен свет. Глобалното граѓанско образование бара „повеќеслоен пристап кој користи концепти и методологии кои веќе се применуваат во други области, вклучувајќи ги: образованието за човекови права, образованието за мир, образованието за одржлив развој и образованието за меѓународно разбирање“[5] и има за цел да ги унапреди нивните заеднички цели. Глобалното граѓанско образование применува перспектива за доживотно учење, почнувајќи од раниот детски развој и продолжувајќи низ сите нивоа на образование и во зрелоста, барајќи „формални и неформални пристапи, наставни и вонннаставни интервенции и конвенционални и неконвенционални патишта за учество“[6].

5 UNESCO. *Education Strategy 2014 – 2021*. 2014, 46.
6 UNESCO. *Global citizenship education: Preparing learners for the challenges of the 21st century*. 2014.

**Глобалното граѓанско образование има за цел на учениците да им овозможи:**

- да развијат разбирање за структурите на глобалната власт, правата и одговорностите, глобалните прашања и врските помеѓу глобалните, националните и локалните системи и процеси;
- да препознаваат и да ги ценат разликите и повеќекратните идентитети, на пример, културата, јазикот, религијата, полот и нашата заедничка хуманост, како и да развијат вештини за живеење во сè повеќе разновидниот свет;
- да развиваат и да применуваат критични вештини за граѓанска писменост, на пример, критичко истражување, информатичка технологија, медиумска писменост, критичко размислување, донесување одлуки, решавање проблеми, преговарање, градење мир и лична и општествена одговорност;
- да ги препознаваат и да ги испитуваат верувањата и вредностите и како тие влијаат врз политичкото и општественото одлучување, перцепциите за социјалната правда и граѓанскиот ангажман;
- да развијат ставови за грижа и емпатија за другите и за животната средина и почитување на различноста;
- да развиваат вредности за праведност и социјална правда и вештини за критичко анализирање на нееднаквостите врз основа на пол, социоекономски статус, култура, религија, возраст и други прашања;
- да учествуваат и да придонесуваат за современи глобални прашања на локално, национално и глобално ниво, како информирани, ангажирани, одговорни и спремни глобални граѓани.

***Приоритетна полова рамноправност***. Глобалното граѓанско образование може да игра важна улога во придонесот за половата еднаквост, што е еден од двата сеопфатни приоритета на УНЕСКО. Глобалното граѓанско образование се темели на човековите права, а половата еднаквост е основно човеково право. Девојчињата и момчињата учат за родовите ставови, улогите, очекувањата и однесувањето, како на училиште така и дома. Глобалното граѓанско образование може да ја поддржи половата рамноправност преку развој на знаења, вештини, вредности и ставови кои ја промовираат еднаквата вредност на жените и мажите, поттикнуваат почит и им овозможуваат на младите луѓе критички да поставуваат прашања за половите улоги и очекувања кои се штетни и/или се базирани на дискриминација и стереотипи.

# 1.2. Како беше развиен овој прирачник?

Овој прирачник се потпира на истражувањата и праксата за глобалното граѓанско образование. Тој содржи информации од неодамнешните публикации и технички консултации на УНЕСКО во оваа област[7], како и информации од добиените податоци кои ги обезбедуваат експерти за глобално граѓанско образование и претставници на младите. Документот беше разгледан од Експертската советодавна група (ЕАГ), свикана од УНЕСКО, со внатрешни и надворешни експерти за глобалното граѓанско образование од сите региони во светот, за трансформативните педагогии, за развојот на наставната програма и за неформалното образование. ЕАГ дискутираше и обезбеди повратни информации за првиот нацрт на документот за време на состанокот во јуни 2014 година. Дополнителни податоци беа обезбедени преку понатамошни консултации во септември и октомври 2014 година. Прирачникот, исто така, беше дискутиран за време на Вториот форум на УНЕСКО за глобално граѓанско образование (Париз, јануари 2015 г.), а од корист беа и повратните информации од учесниците.

Пред да биде финализиран, овој прирачник беше теренски тестиран од носителите на образованието, вклучувајќи ги и официјалните претставници на министерствата, изготвувачите на наставните програми и наставниците од одбрани земји во секој регион.

Ова е прво издание на прирачникот кој е наменет како „жив“ документ. Понатамошните изданија ќе бидат произведени по потреба и сè додека не научиме повеќе од искуството од примената на глобалното граѓанско образование во различни контексти. УНЕСКО ќе ги има предвид предлозите и примерите од истражувањето и од практиката и за идните изданија.

7 На пример, *Global Citizenship Education: An emerging perspective*, based on the Technical Consultation on Global Citizenship Education (September 2013) and *Global Citizenship Education: Preparing learners for the challenges of the 21st century,* sunthesizing the outcomes of the First UNESCO Forum on Global Citizenship Education (December 2013).

## 1.3. За кого е наменет овој прирачник и како може да се користи?

Овој прирачник е наменет како ресурс за едукаторите, изготвувачите на наставните програми, обучувачите, како и за креаторите на образовните политики. Исто така, може да биде корисен и за другите носители во образованието вклучени во планирањето, дизајнот и испораката на глобалното граѓанско образование во формалниот и неформалниот образовен сектор. На пример, наставниците можат да го користат за да го подобрат своето разбирање за глобалното граѓанско образование и како извор на идеи за активности. Изготвувачите на наставната програма можат да ги користат и да ги прилагодат темите и целите на учење вклучени во прирачникот во контекст на земјата и да развијат национални наставни програми. Креаторите на образовната политика можат да го користат прирачникот за проценка на улогата на глобалното граѓанско образование и да ги идентификуваат релевантните национални образовни приоритети.

Како што е прикажано на графиконот подолу, овој прирачник е дизајниран на флексибилен начин, кој дозволува консултации, адаптирање и контекстуализација на ниво на земјата од страна на давателите на образование, кои можат да ги идентификуваат релевантните точки за влез, да развијат детални и конкретни насоки за специфични контексти, да ги адресираат потребите за испорака и да го поддржат процесот на спроведување во консултација со релевантните засегнати страни.

**Рамка 2: Како да се користат педагошките насоки на ниво на држава?**

Глобално граѓанско образование: теми и цели на учење (ТЦУ)

↓

Контекстуализација на ТЦУ на државно ниво од страна на националните и локалните засегнати страни (на пример, планерите на образование и изготвувачите на наставните програми и, каде што е потребно, со поддршка од други партнери и засегнати страни).

↓

Разработени се детални и конкретни насоки за специфични контексти и прашања за капацитетите.

↓

Спроведување и употреба од страна на обучувачи практичари на различни нивоа (на пример, национално ниво, општинско ниво, училишта).

Прирачникот не е наменет да биде преписка, туку има за цел да обезбеди водечка рамка за глобалното граѓанско образование, која може лесно да се адаптира на различни национални и локални контексти. Исто така, може да се искористи за да се надгради постоечката работа во сродни области (на пример, граѓанско образование, образование за човекови права, образование за одржлив развој, образование за меѓународно разбирање итн.).

Предложените теми и целите на учење вклучени во овој прирачник не се исцрпни; тие можат и треба да бидат надополнети со теми и прашања кои се локално релевантни и соодветни. Освен тоа, нови прашања кои постојано се појавуваат во овој разновиден свет, кој брзо се менува, можат да се додадат на оние кои се вклучени во овој прирачник. Некои од темите и целите на учење вклучени во овој прирачник, можеби, веќе се опфатени со постојните образовни програми. Во овој случај, прирачникот може да се користи како комплементарен ресурс или како контролна листа или референца за анализа на јазот за време на разгледувањата и заложбите да се зајакнат постоечките програми.



2

# Содржини за учење на прирачникот за глобално граѓанско образование

## 2.1. Подрачја на учење (домени)

Глобалното граѓанско образование се заснова на трите подрачја на учење – когнитивното, социоемоционалното и бихевиоралното подрачје. Тоа одговара на четирите столба на учењето опишани во извештајот *Учење: богатство во себе:* учење за да се знае, за да се работи, за да се биде и за да се живее заедно.

- Когнитивно: знаење и вештини на размислување неопходни за подобро разбирање на светот и неговата комплексност.
- Социоемоционално: вредности, ставови и социјални вештини кои на учениците им овозможуваат да се развиваат афективно, психосоцијално и физички и кои на учениците им овозможуваат да живеат заедно со другите во почит и во мир.
- Бихевиорално: однесување, изведба, практична примена и ангажман.

Клучните резултати од учењето, клучните атрибути на учениците, темите и целите на учење кои се предложени во овој прирачник се засноваат на трите подрачја на учење споменати погоре. Тие се меѓусебно поврзани и интегрирани во процесот на учење и не треба да се разберат како различни процеси на учење.

## 2.2. Резултати

Резултатите од учењето ги опишуваат знаењата, вештините, вредностите и ставовите кои учениците можат да ги стекнат и да ги демонстрираат како резултат на глобалното граѓанско образование. Соодветно на трите подрачја на учење, споменати погоре (когнитивно, социоемоционално и бихевиорално), во овој прирачник е идентификуван следниов сет на заемно зајакнати резултати од учењето:

**Рамка 3: Клучни резултати од учењето**

| Когнитивно |
|---|
| ▪ Учениците стекнуваат знаење и разбирање за локални, национални и глобални прашања и меѓусебна поврзаност и меѓузависност на различни земји и население.<br>▪ Учениците развиваат вештини за критичко размислување и анализа. |
| **Социоемоционално** |
| ▪ Учениците имаат чувство на припадност кон заедничкото човештво, споделување на вредности и одговорности засновани на човековите права.<br>▪ Учениците развиваат ставови на емпатија, солидарност и почитување на разликите и различностите. |
| **Бихевиорално** |

- Учениците се однесуваат ефикасно и одговорно на локално, национално и глобално ниво за помирен и одржлив свет.
- Учениците развиваат мотивација и подготвеност да ги преземат неопходните активности.

# 2.3. Атрибути

Овој прирачник идентификува три атрибути на ученикот поврзани со глобалното граѓанско образование, кои се однесуваат на особините и квалитетите кои глобалното граѓанско образование има за цел да ги развие кај учениците и одговара на претходно споменатите клучни резултати од учењето. Тие се: *информиран и критички образуван; социјално поврзан и ги почитува различностите; етички одговорен и ангажиран*. Трите атрибути на учениците поаѓаат од прегледот на концепциската рамка на литературата и граѓанското образование, прегледот на пристапот од наставните планови и програми, како и од техничките консултации и неодамнешната работа на УНЕСКО за глобално граѓанско образование. Истите се прикажани подолу.

**Рамка 4: Клучни атрибути на учениците**

| **Информиран и критички образован** |
|---|
| Познавање на системите на глобално управување, структурите и прашањата; разбирање на меѓузависноста и врските меѓу глобалните и локалните проблеми; знаења и вештини потребни за граѓанска писменост, како што се критичкото истражување и анализа, со акцент на активниот ангажман во учењето. |
| Учениците го развиваат своето разбирање за светот, глобалните теми, управувачките структури и системи, вклучувајќи ги и политиката, историјата и економијата; ги разбираат правата и одговорностите на поединците и групите (на пример, женските и детските права, автохтоното право, корпоративната општествена одговорност); ја препознаваат меѓусебната поврзаност на локалните, националните и глобалните прашања, структури и процеси. Учениците развиваат вештини за критичко истражување (на пример, каде да најдат информации и како да ги анализираат и да ги користат доказите), медиумска писменост и разбирање за тоа како информациите се посредуваат и комуницираат. Тие ја развиваат нивната способност да ги истражуваат глобалните теми и прашања (на пример, глобализацијата, меѓузависноста, миграцијата, мирот и конфликтот, одржливиот развој) преку планирање на истраги, анализа на податоци и соопштување на нивните наоди. |
| Клучно прашање е начинот на кој се користи јазикот и, поконретно, како на критичката писменост влијае доминацијата на англискиот јазик и како тоа влијае на пристапот до информации на оние кои не го зборуваат англискиот јазик. Во фокусот е и развивање на критички вештини за граѓанска писменост и посветеност на доживотното учење, сè со цел вклучување во информирани и намерни граѓански активности. |

## Социјално поврзан и ги почитува различностите

Разбирање на идентитети, односи и припадност; разбирање на заеднички вредности и заедничко човештво; развивање на ценењето и почитувањето на разликите и различностите; разбирање на сложениот однос меѓу различноста и заедништвото.

Учениците дознаваат за својот идентитет и начинот за тоа како тие се наоѓаат во поголем број врски (на пример, семејството, пријателите, училиштето, локалната заедница, државата), како основа за разбирање на глобалната димензија на граѓанството. Тие го развиваат разбирањето за разликите и различностите (на пример, културата, јазикот, полот, сексуалноста, религијата), за тоа како уверувањата и вредностите влијаат на мислењето на луѓето за различни личности, како и за причините и влијанието на нееднаквоста и дискриминацијата.

Учениците, исто така, ги разгледуваат заедничките фактори кои ја надминуваат разликата и ги развиваат знаењата, вештините, вредностите и ставовите потребни за почитување на разликите и за живеење со другите.

## Етички одговорен и ангажиран

Врз основа на пристапите за човековите права, вклучувајќи ги ставовите и вредностите околу грижата за другите и за животната средина; личната и општествената одговорност и трансформација; развојот на вештини за учество во заедницата и придонесот кон подобар свет преку информирана, етичка и мирна акција.

Учениците ги истражуваат сопствените верувања и вредности, како и оние на другите. Тие разбираат како верувањата и вредностите го информираат општественото и политичкото одлучување на локално, национално, регионално и глобално ниво, како и предизвиците за управување со спротивставени и конфликтни верувања и вредности. Учениците, исто така, го развиваат своето разбирање за проблемите поврзани со социјалната правда во локален, национален, регионален и глобален контекст и како тие меѓусебно се поврзани. Исто така, се занимаваат и со етичките прашања (на пример, прашањата поврзани со климатските промени, потрошувачот, економската глобализација, фер трговијата, миграцијата, сиромаштијата и изобилието, одржливиот развој, тероризмот, војната). Од учениците се очекува да размислуваат за етичките конфликти поврзани со социјалните и политичките одговорности и поширокото влијание на нивните избори и одлуки. Учениците, исто така, ги развиваат знаењата, вештините, вредностите и ставовите за да се грижат за другите и за животната средина и да се вклучат во граѓанска акција. Тоа вклучува сочувство, емпатија, соработка, дијалог, социјално претприемништво и активно учество. Тие дознаваат за можностите за нивен ангажман како граѓани на локално, национално и глобално ниво, како и примери за индивидуални и колективни акции што ги презеле другите за решавање на глобалните проблеми и социјалната неправда.

## 2.4. Теми

Врз основа на горенаведените атрибути на ученикот и соодветните подрачја на учење и клучните резултати на ученикот, во овој прирачник прикажани се девет области, и тоа по три за секој атрибут на ученикот.

**Рамка 5: Теми**

| **Информиран и критички образован** |
| --- |
| 1. Локални, национални и глобални системи и структури. |
| 2. Прашања кои влијаат врз интеракцијата и поврзаноста на заедниците на локално, национално и глобално ниво. |
| 3. Основни претпоставки и динамика на енергија. |
| **Социјално поврзан и ги почитува различностите** |
| 4. Различни нивоа на идентитет. |
| 5. Различни заедници на кои припаѓаат луѓето и како тие се поврзани. |
| 6. Разлики и почит кон различностите. |
| **Етички одговорен и ангажиран** |
| 7. Акции кои може да се преземат поединечно и колективно. |
| 8. Етички одговорно однесување. |
| 9. Ангажман и преземање акција. |

Врз основа на овие теми беа развиени специфични цели на учење соодветно на возраста и клучните теми.

## 2.5. Цели

За секоја од споменатите теми предложени се четири специфични цели на учење и релевантни теми кои одговараат на различна возрасна група/ниво на образование, како што е прикажано подолу.

- Предучилишно/нижо основно (5 – 9 години).
- Вишо основно образование (9 – 12 години).
- Нижо средно (12 – 15 години).
- Вишо средно (15 – 18+ години).

Намерата е да се претставаат целите на учењето според нивото на сложеност, нудејќи пристап на „спирална наставна програма“, преку која концептите поврзани со глобалното граѓанско образование може да се воведат во предучилишно или нижо основно образование и да се изучуваат и подлабоко да навлегуваат и да се усложнуваат како што учениците созреваат, преку сите нивоа на образование. Бидејќи образовните системи, нивоата на образование и групите на ученици според возраста варираат меѓу државите, овие групи се смета дека треба да бидат само индикативни. Корисниците треба да се чувствуваат слободни, целите на учење да ги изберат, да ги прилагодат и да ги организираат на начин кој се чини најсоодветен согласно специфичниот контекст во државата и според подготвеноста на учениците [8].

## 2.6. Клучни зборови

Со цел да се поттикне и да се олесни дискусијата и активностите врз основа на темите и целите на учење презентирани во овој прирачник, се предвидува предлог-листа на клучни зборови, тематски организирани.
Оваа листа може да се надополни со прашања кои се релевантни во секој контекст.

## 2.7. Матрица за насоки

Во табелите што следуваат се презентирани трите области на учење, клучните резултати од учењето, клучните атрибути на учениците, темите и соодветните цели на учење за различни возрасни групи и нивоа на образование, како и клучни зборови за дискусија.

- **Табелата А** ја претставува матрицата за насоки и покажува на кој начин различните делови се заемно поврзани.
- **Табелата Б** е разработка на табелата А и во неа се претставени разработени цели на учење по возраст/ниво на образование за секоја од темите.
- **Табелите од Б.1 до Б.9** ја разработуваат секоја тема и цел на учење, обезбедувајќи повеќе детали за тоа што од учениците се очекува да знаат, да разберат и да можат да направат, како и тоа какви знаења, вештини, вредности и ставови се очекува да се развијат во различните фази на учење. Табелите се така поставени, при што секое ниво опфаќа соодветни цели на учење и теми согласно возраста, кои обезбедуваат нивна надоградба во следното ниво, со премин од поедноставни кон посложени теми.

---

8 За време на процесот на ревизија имаше одредени разлики во мислењето во однос на соодветноста на одредени теми и цели на учење согласно возраста, особено во предучилишното и нижото основно ниво. Некои критичари истакнаа дека капацитетот на младите деца да ги разберат таквите концепти не треба да се потцени, додека други сметаа дека предложените концепти може да бидат премногу сложени за малите деца. Еден од начините на решавање на ова е овие концепти да се воведат преку креативни и интерактивни методи соодветни на возраста, како, на пример, преку игра, цртан филм или на кој било друг начин со кој давателите на образование сметаат дека е посоодветно во нивните контексти.

- **Табелата В** претставува предлог-листа на клучни зборови кои можат да ги поттикнат и да ги олеснат дискусиите и активностите поврзани со нив.

Табелите се индикативни и не се наменети да бидат прописни или исцрпни. Тие можат да се користат, прилагодат или додадат во зависност од националниот и локалниот контекст.

Исто така, треба да се разјасни дека табелите одразуваат шематски приказ и тоа не значи дека сугерираат учењето да се одвива во „силоси“ . Во конкретниот процес на настава и учење, сите концепти и димензии меѓусебно се поврзани и заемно се зајакнуваат.

## Табела А: Целосно упатство

Табелата А ја претставува севкупната структура на прирачникот врз основа на трите области на учење и презентирање на клучните резултати од учењето, клучните атрибути на ученикот, темите и соодветните цели на учење, истакнувајќи ја нивната меѓусебна поврзаност, вертикално и хоризонтално.

# Глобално граѓанско образование

### ПОДРАЧЈА НА УЧЕЊЕ

| КОГНИТИВНО | СОЦИОЕМОЦИОНАЛНО | БИХЕВИОРАЛНО |
|---|---|---|

### КЛУЧНИ ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ

**Когнитивно**

- Учениците стекнуваат знаење и разбирање за локалните, националните и глобалните прашања и меѓусебната поврзаност и меѓузависност на различни земји и население.
- Учениците развиваат вештини за критичко размислување и анализа.

**Социоемоционално**

- Учениците имаат чувство на припадност кон заедничко човештво, споделување на вредности и одговорности засновани на човековите права.
- Учениците развиваат ставови на емпатија, солидарност и почитување на разликите и различноста.

**Бихевиорално**

- Учениците се однесуваат ефикасно и одговорно на локално, национално и глобално ниво за помирен и одржлив свет.
- Учениците развиваат мотивација и подготвеност да ги преземат неопходните активности.

### КЛУЧНИ АТРИБУТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Информирани и критички образовани**

- Да знаат за локалните, националните и глобалните прашања, системите за управување и структури.
- Да ја разберат меѓузависноста и врските на глобалните и локалните проблеми.
- Да развијат вештини за критички истражувања и анализа.

**Социјално поврзани и ги почитуваат различностите**

- Посветување и управување со идентитетот, односите и чувството на припадност.
- Споделување на вредности и одговорности засновани на човековите права.
- Развивање на ставови за ценење и почитување на разликите и различностите.

**Етички одговорни и ангажирани**

- Да се обезбедат соодветни вештини, вредности, верувања и ставови.
- Да се демонстрира лична и општествена одговорност за мирен и одржлив свет.
- Да се развие мотивација и подготвеност за грижа за општото добро.

### ТЕМИ

1. Локални, национални и глобални системи и структури.
2. Прашања кои влијаат врз интеракцијата и поврзаноста на заедниците на локално, национално и глобално ниво.
3. Основни претпоставки и динамика на енергија.
4. Различни нивоа на идентитет.
5. Различни заедници на кои им припаѓаат луѓето и како тие се поврзани.
6. Разлика и почит на различностите.
7. **Дејства кои можат да се преземаат индивидуално и колективно.**
8. **Етички одговорно однесување.**
9. **Ангажман и преземање акција.**

### ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ СОГЛАСНО ВОЗРАСТА/НИВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

| Предучилишно/ ниже основно (5 – 9 години) | Вишо основно (9 – 12 години) | Нижо средно (12 – 15 години) | Вишо средно (15 – 18+ години) |
|---|---|---|---|

## Табела Б: Теми и разработени цели на учење

Оваа табела е разработка на Табела А, што укажува на целите на учење за секоја од темите дадени во Табела А. Бидејќи нивоата на образование и подготвеноста на учениците се разликуваат од држава до држава, возраста/нивото на образовните групи кои се предложени тука се само индикативни и може да се прилагодат онака како што корисниците сметаат дека е соодветно.

Темите и целите на учење се дополнително разработени во табелите од Б.1 до Б.9 кои следуваат.

| ТЕМИ | ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Предучилишно/нижо основно (5 – 9 години) | Вишо основно (9 – 12 години) | Нижо средно (12 – 15 години) | Вишо средно (15 – 18+години) |
Во **Индонезија**, наставниот план и програма ги вклучуваат клучните компетенциите поврзани со глобалното граѓанско образование. На пример, преку општествени ставови, а тоа се однесува на искрено однесување, одговорност и грижа, вклучувајќи толеранција и заемно разбирање.

Наставните планови и програми за К-12 во **Филипини** се воведоа во учебната 2012/2013 година и особено се однесуваат за „Учење да се живее заедно“. Тоа бара „пристап на целата личност“, со акцент на ефективните комуникациски вештини, како и на медиумската и информациската писменост. Образованието за вредностите, кое е директно поврзано со глобалното граѓанско образование, вклучува теми како што се: самопочитта, хармонијата со другите луѓе, љубовта кон земјата и глобалната солидарност.

Во **Република Кореја,** националната наставна програма ја оцртува и посебно ја нагласува важноста да се биде глобален граѓанин, опремен со релевантни компетенции, како што се: толеранција, емпатија и културна писменост. Покрај тоа, глобалното граѓанско образование се промовира преку трипартитна соработка со централната власт, покраинските влади и училиштата, а понатаму ќе се прошири и со *Семестар без испит*, кој ќе се спроведува на национално ниво во 2016 година.

Во **Тунис**, во наставниот план во 2000 година, беше воведен пристап базиран на компетенции. Покрај тоа, со поддршка на меѓународните организации, како што е *Светска банка*, ИКТ се вклучи во сите нивоа на образованието. Обновената наставна програма за граѓанско образование се воведе преку меѓународни и локални партнерски организации, вклучувајќи промовирање на принципите на одржлив развој и јакнење на жените и родовата еднаквост (Медитеранска Унија, 2014).

## 3.1.2. Пристапи кон испорака

Најчестите заеднички пристапи кон испораката на глобалното граѓанско образование во рамките на формалното образование се: како проблем во целото училиште; како меѓупредметни прашања; како интегрирана внатрешна компонента во различни наставни предмети или како посебен, самостоен предмет во рамките на наставниот план и програма. Овие пристапи, исто така, можат да бидат комплементарни и можат да имаат максимално влијание кога ќе се усвојат заедно. Креаторите на образовната политика  и планерите треба да одлучат кои пристапи се најсоодветни за нивниот контекст. Влијание на ова ќе имаат факторите, како што се: образовните политики и системи, конкурентните приоритети во наставната програма, достапните ресурси и други фактори.

***Ширум училиштето.*** Темите и проблемите на глобалното граѓанско образование се експлицитно изразени во приоритетите ширум училиштата и училишниот етос. Со овој пристап, глобалното граѓанско образование обезбедува можност за трансформирање на содржината на наставниот план и програма, средината за учење, како и практиките на подучување и оценување. Примерите за пристапи ширум училиштата или „во целото училиште“ вклучуваат интеграција на резултатите од учењето за глобалното граѓанско образование во постоечките предмети на сите нивоа, користење методи на партиципативно учење низ наставните предмети, активности за одбележување на меѓународни денови, подигнување на свеста, клубови ориентирани кон активизам, ангажирање на заедницата и поврзување на училишта од различни места.

**ПРИМЕРИ ОД РАЗНИ ДРЖАВИ**

**Англија.** Одделот за образование и вештини објави публикација насловена како *Развивање на глобалната димензија во училишниот курикулум*, наменета за директори, наставници, високи раководители и оние кои се одговорни за развој на наставната програма. Таа има за цел да покаже како може глобалната димензија да се интегрира во курикулумот и во текот на школувањето. Публикацијата нуди примери за тоа како да се интегрира глобалната димензија од 3 до 16-годишна возраст, при што се наведуваат осум клучни концепти – глобално граѓанство, разрешување конфликти, разновидност, човекови права, меѓузависност, одржлив развој, вредности и перцепции и социјална правда. На пример, дава насоки за промовирање на личен, социјален и емоционален развој на најмладите ученици преку дискусија за фотографиите на деца од целиот свет, активностите, приказните и дискусиите за различни места што ги посетиле децата.

**Меѓупредметно.** Глобалното граѓанско образование може да ја поттикне и да има корист од соработката на наставниците во различни дисциплини. Во овие контексти, темите поврзани со глобалното граѓанско образование може да се решат низ различни теми. Меѓупредметните пристапи може да изгледаат предизвикувачки и може да бидат тешки за спроведување ако нема претходна посветеност или искуство со такви методи на работа. Сепак, тие одговараат на подлабоките потреби за учење на учениците, истакнувајќи ја соработката помеѓу групите на наставници и ученици.

***Интегриран во рамките на одредени теми.*** Глобалното граѓанско образование може да се интегрира низ низа теми, како што се: граѓанските и социјалните науки, еколошките студии, географијата, историјата, религиското образование, науката, музиката и уметноста. Уметностите, вклучувајќи визуелна уметност, музика и литература, можат да изградат капацитет за самоизразување, да развијат чувство на припадност и да го олеснат разбирањето и дијалогот со луѓето од различни култури. Тие, исто така, играат централна улога во критичкото истражување и анализа на социјалните и другите прашања. Спортот, исто така, може да им даде можност на учениците да го развијат своето разбирање за прашања, како што се: тимската работа, разновидноста, социјалната кохезија и праведноста.

**Посебен, самостоен предмет.** Посебни курсеви за глобалното граѓанско образование се поретки, иако во некои земји аспектите на учење поврзани со глобалното граѓанско образование се изучуваат посебно. На пример, во **Република Кореја**, согласно наставниот план за 2009 година, се воведе задолжителен предмет насловен како *креативни искуствени активности*. Основна цел на овој предмет е зајакнување на соработката, креативноста и градењето на карактерот меѓу учениците. Меѓутоа, активностите преземени за да се постигне тоа, како што се: волонтерството во училиштата и заедницата, младинските организации, како и заштитата на животната средина, се слични на оние поврзани со пристапот во целото училиште.

Глобалното граѓанско образование, исто така, може да се спроведе и во рамките на **неформалното образование**, на пример, преку иницијативи предводени од младите, коалиции на невладини организации и соработка со други образовни институции, како и преку интернет. Може да се размислува за партнерства помеѓу училиштата и актерите на граѓанското општество кои работат на глобални и локални прашања и вклучување на овие актери во училишните активности (види ги примерите подолу и во Дел 1).

**ПРИМЕРИ ОД РАЗНИ ДРЖАВИ**

***Активирај*** е мрежа на млади лидери во **Јужна Африка** која има за цел да донесе промени преку креативни решенија за проблемите во општеството. Младите од сите средини и покраини во земјата учествуваат во двегодишна програма. Во првата година постојат три програми за обука кои работат на одредена задача. Во втората година учесниците формираат акциски групи за специфични задачи, пренесувајќи ја нивната работа во јавниот домен. На пример, активаторот опишува како работи во неговата локална заедница за да ги обесхрабри младите луѓе да не се приклучуваат во банди и да учествуваат во злоупотребува на супстанции. Тој се потпира на сопствените негативни искуства со банди и со дрога, по отслужување на седум години затвор. После интервјуто тој вели: „Мојата визија за Јужна Африка е да ги видам младите луѓе застанати на нозе и станати пример за секого... Бидете она што сте, бидете реални и следете ги вашите соништа“. http://www.activateleadership.co.za/blog/5-mins-with-fernando#sthash.dRCXMqPx.dpuf

***Висока резолуција*** е образовна иницијатива за средно училиште (спроведена од страна на ФИА, единствената национална, независна и непрофитна организација за млади луѓе во Австралија), која се состои од програма за глобално граѓанство за ученици од 8-годишна возраст и глобална програма за лидерство за ученици од 9 и 10 години. Таа има за цел да им овозможи на учениците да размислат за својата лична улога во развојот на нивното општество како глобална заедница преку работилници, симулации, обуки за лидерски вештини и практични проекти.

Над 80 000 ученици зедоа учество во програмата во 120 училишта од 2005 година. На пример, во 2013 година учениците беа вклучени во голем број проекти кои се однесуваат на прашања, како што се: правата на луѓето со попреченост, трговијата со луѓе, инклузијата на бегалците и зачувувањето на морињата. http://www.highresolves.org http://www.fya.org.au/inside-fya/initiatives/high-resolves

***Мир пред сè*** е непрофитната организација со седиште во **Соединетите Американски Држави**. Организацијата има програма во која младите волонтери работат со деца на дизајнирање и на спроведување заеднички проекти на партиципативен начин. Образложението е дека децата се природни креативни мислители и решавачи на проблеми. Програмата се фокусира на развивање на социјални и емоционални вештини на самосвест, емпатија, инклузивност и односи. Исто така, таа се спроведува и во руралните области на **Колумбија**, преку партнерство меѓу локалните власти и колумбиските невладини организации. Оваа организација дополнително разви наставна програма која може да се користи во училиштата. Таа се занимава со теми, како што се: пријателство, праведност, соработка, разрешување на конфликти и последици од акции преку искуствени активности и кооперативни игри. На пример, учениците од прво одделение учат за изразување на своите чувства, учениците од 3-то одделение ги развиваат вештините и свеста за комуникација и соработка, учениците од 4-то одделение практикуваат храброст и заземаат став, а учениците од 5-то одделение истражуваат како да ги решат и да ги намалат конфликтите. http://peacefirst.org

## 3.1.3. Спроведување во тешки околности

Во одредени околности наставниците и креаторите на политиките може да се соочат со финансиски и/или ограничувања на човечките ресурси и други контекстуални предизвици што го отежнуваат спроведувањето на реформите на ниво на целиот систем и програмата за глобално граѓанско образование. На пример, во училиштата може да им недостигаат книги и други ресурси или да има пренатрупани училници, додека наставниците може да имаат ограничено или никакво образование и обука или да се соочуваат со ситуации да бидат под притисок за да ги подготват учениците за националните испити. Во контекст на кризата, може да има одредена политичка, социјална и/или културна преосетливост, покрај конкурентните приоритети за реализација на образованието и реконструкција на системот, кои претставуваат значителни предизвици за планирање и спроведување на глобалното граѓанско образование. Во такви случаи, глобалното граѓанско образование може да се спроведе дури и со ограничени ресурси или во тешки околности. Иако ресурсноинтензивните или системските иницијативи ширум целиот систем може да бидат нереални на краток рок, постојат одлуки за политики и планирање кои може да се донесат, почнувајќи од тоа што реално може да се направи, со постепено интегрирање на глобалното граѓанско образование во образовниот систем на сите нивоа. На пример, една опција е првично да може да се работи со подгрупи на училишта кои изразуваат интерес или со УНЕСКО и АСПнет-училиштата. Друга опција е фокусот да биде ставен на еден аспект од образовниот процес, како што се: обуката на наставниците пред да се вработат и професионалниот развој како наставници или ревидирање на учебниците за да се вклучат концептите на глобалното граѓанско образование [9]. Трета опција е иницирање на училишните проекти, кои на учениците ќе им дадат можност и мотивација да дознаат повеќе за тоа што значи да се биде глобален граѓанин. Акцентот треба да биде на почетокот, на она што е изводливо и стратешко во даден контекст и постепено градење од таму.



[9] За подетална дискусија за пристапите за спроведување на глобалното граѓанско образование во тешки услови, Ве молиме видете во Education Above All. *Education for Global Citizenship*. 2012.

# 3.2. Како да го испорачаме во училница?

## 3.2.1. Улогата на наставниците и поддршката која тие ја добиваат

Глобалното граѓанско образование бара квалификувани наставници кои добро ја разбираат трансформативната и партиципативната настава и учење. Главната улога на наставникот е да биде водач и олеснувач, охрабрувајќи ги учениците да се вклучат во критичко истражување и да го поддржат развојот на знаења, вештини, вредности и ставови кои промовираат позитивни лични и социјални промени. Меѓутоа, во многу контексти, наставниците имаат ограничено искуство во ваквите пристапи. Обуката на наставниците пред да станат наставници и тековните можности за професионално учење и развој не се доволни за да се осигура дека наставниците се подготвени да испорачаат квалитетно глобално граѓанско образование [10,11]. (Види примери за иницијативи за поддршка на професионалниот развој на наставниците во Дел 1).

Исто така, важно е да се препознае дека наставниците можат да овозможат ефективно глобално граѓанско образование само ако имаат поддршка и посветеност од страна на директорот, општината и родителите, доколку училишниот систем дозволува пристап кон наставата и учењето потребни за ефективно глобално граѓанско образование (на пример, во многу контексти, традиционалните пристапи кон наставата кои промовираат учење на далечина се норма) и ако имаат адекватно време и ресурси [12].

## 3.2.2. Средина за учење

Безбедната, инклузивната и привлечната средина за учење, исто така, е од клучно значење за ефективно глобално граѓанско образование. Ваквите средини го збогатуваат искуството во наставата и учењето, поддржуваат различни видови на учење, го вреднуваат постоечкото знаење и искуство на учениците и овозможуваат учество на ученици од различни средини. Тие обезбедуваат сите ученици да се чувствуваат ценети и вклучени и ја поттикнуваат соработката, здравата интеракција, почитувањето, културната чувствителност и други вредности и вештини потребни за живот во разновидниот свет. Исто така, ваквите средини создаваат безбеден простор за дискусија за контроверзни прашања.

Наставниците имаат централна улога во создавањето на средина за ефективно учење. Тие можат да користат низа пристапи за да создадат безбедна, инклузивна и привлечна средина за учење. На пример, учениците можат да работат со наставникот при што би се договориле за

10 Види, на пример, *UNESCO Education for All*; Gopinathan et al, The International Alliance for Leading Education Institutes. 2008; Longview Foundation. 2009.

11 Види: *Kerr* (1999).

12 Види: *Ajegbo Report* (2007).

основните правила за интеракција, училницата може да се уреди така што на учениците ќе им се овозможи заедно да работат во мали групи, учениците можат да ги идентификуваат ресурсите со поддршка на наставникот, а просторот може да им се распредели на учениците така што тие ќе можат ја прикажат својата работа. Посебно внимание треба да се посвети на факторите кои можат да ја поткопаат инклузијата и да ги ограничат можностите за учење. Овие фактори, покрај другото, можат да ги вклучуваат: економското потекло, физичката и менталната способност, расата, културата, религијата, полот и сексуалната ориентација.

**ПРИМЕРИ ОД РАЗНИ ДРЖАВИ**

Во 2008 година, во **Сиера Леоне**, Министерството за образование и националните институции за обука на наставниците работеа со УНИЦЕФ за да се развие програмата *Емрџинг ишјус* (Emerging Issues), програма за обука на наставници со цел да се поддржи постконфликтната реконструкција, преку содржината за учење и наставната методологија. Обуката покриваше тематски прашања, како што се: човековите права, граѓанството, мирот, животната средина, репродуктивното здравје, злоупотребата на дроги, родовата еднаквост, управувањето со катастрофи, како и методи на настава и учење за промовирање на промени во однесувањето. Развиени се материјали и лекции на курсевите за обука за време на студирањето, како и за интензивна обука и обука на далечина.
http://learningforpeace.unicef.org/resources/sierra-leone-emerging-issues-teacher-training-program

Во **Шри Ланка**, Министерството за образование и ГИЗ спроведуваат програма за Образование за социјална кохезија (ЕСЦ), усогласена со Националната политика за образование за социјална кохезија и мир од 2008 година. Цитирана како една од предностите на проектот, таа се фокусира на двесте пилот-училишта во пет од деветте покраини во земјата – претежно во обесправени, постконфликтни региони, кои претставуваат различни јазични групи – „каде што активностите на ЕСЦ може да се соберат под еден кров и каде што експериментирањето може да се случи“. Овие активности опфаќаат четири подрачја, вклучувајќи: образование за мир и вредност, повеќејазично образование, психосоцијална грижа и превенција од катастрофи. Акцентот е ставен на развојот на целото училиште, почнувајќи од обука и вклучување на учениците и поддршка на наставниците и администраторите за квалитативна и квантитативна проценка на влијанието. Според прегледот на програмата, овие пилот-училишта „веќе дејствуваат како модел за таква целокупна работа во училиштето“. https://www.giz.de/en/worldwide/18393.html

## 3.2.3. Практики за настава и учење

Како што еволуирале разбирањата за глобалното граѓанско образование, се зголемувал и фокусот на поврзани практики за настава и учење, препознавајќи дека постојните практики често ги нагласуваат посебните форми на учење [13]. Во глобалното граѓанско образование, партиципативната, ученичката и инклузивната настава и наставната практика се централно ориентирани, како и ангажманот на учениците во различниот избор во врска со процесот на настава и учење. Таквите практики се од основно значење за трансформациската намера на глобалното граѓанско образование. Широкиот опсег и длабочина на учењето, придружено со глобалното граѓанско образование, исто така, бара софистициран опсег на

13 Види: Evans (2008); Kerr (2006;) Parker (1995).

практики за настава и учење, од кои некои вклучуваат учење базирано на проекти, проекти во кои се учествува, соработничка работа, искуствено учење и услужно учење. Постојат сè поголем број на знаења и ресурси кои им се достапни на наставниците и кои би им помогнале да истражуваат и да го интегрираат глобалното граѓанство во училиштето и во училницата (види извори во Дел 1). Подолу се идентификуваат некои основни практики за настава и учење за глобалното граѓанско образование.

**Глобалното граѓанско образование бара основни практики за настава и учење кои:**

▪ негуваат внимателен, инклузивен и интерактивен етос во училницата и во училиштето (на пример, родовата еднаквост, инклузијата, заедничкото разбирање на нормите во училницата, гласот на учениците, распоредот на седење, користењето на просторот);

▪ вметнуваат централно насочено учење кон ученикот и културен одзив, преку независни и интерактивни пристапи за настава и за учење кои се усогласени со целите на учењето (на пример, независно и заедничко учење, медиумска писменост);

▪ вградуваат автентични задачи (на пример, креирање прикази за детските права, креирање програми за градење мир, создавање на ученички весник кој се осврнува на глобалните проблеми);

▪ се потпираат на глобално ориентираните средства за учење, кои им помагаат на учениците во разбирањето на начинот на кој тие се вклопуваат во светот во однос на нивните локални околности (на пример, да користат различни извори и медиуми, компаративни и разновидни перспективи);

▪ користат стратегии на проценка и евалуација, кои се усогласени со целите на учењето, како и форми на настава, кои се користат за поддршка на учењето (на пример, рефлексија и самооценување, повратни информации од врсниците, оценување од наставниците, списанија, портфолија);

▪ нудат можности за учениците да го искусат учењето во различни контексти, вклучувајќи ја училницата, активностите на целото училиште и заедниците, од локални до глобални (на пример, учество во заедницата, меѓународна е-размена, виртуелни заедници);

▪ го истакнуваат наставникот/воспитачот како пример (на пример, во ажурирањето на тековните настани, вклучувањето во заедницата, практикувањето на стандардите за заштита на човековата средина и праведност);

▪ ги користат учениците и нивните семејства како средства за настава и за учење, особено во мултикултурните средини.

**Извор:** Evans, M. et al. (2009). Mapping the „global dimension "ofcitizenship education in Canada: The complex interplay of theory, practice, and context. *Citizenship, Teaching and Learning, 5*(2), 16–34.

Исто така, важно е да се осигура дека избраните практики за настава и учење се осмислени да ги постигнат планираните цели на учење и дека постои кохерентност меѓу активностите и задачите и очекуваните компетенции и цели на учење [14]. Активностите на учењето, како што се дискусија во класот, читање на статија или гледање видео, а потоа одговарање на прашањата, се дизајнирани да го поттикнат развојот на критичкото размислување и социјалните вештини, да ги

14 Види: Mortimore (1999).

истражуваат вредностите, да го поддржат стекнувањето знаења и да развиваат практични капацитети. Посложените практики на настава и учење, на пример, групна истрага, анализа на проблемот, учење базирано на проблеми и социјално делување се дизајнирани за да го поддржат развојот на низа специфични и поврзани компетенции на интегриран начин [15]. Реалните животни задачи или автентичните демонстрации, како што се: глобалните истражувачки проекти, активностите за давање услуги во заедницата, изложби за информации од јавен карактер и онлајн меѓународни младински форуми, сè повеќе се користат за развивање на компетенции поврзани со глобалното граѓанско образование [16].

ИКТ и социјалните медиуми обезбедуваат можности за поддршка на наставата и учењето за глобалното граѓанско образование (види подолу), поврзувајќи ги училниците и заедниците со споделување на идеи и ресурси. Аспектите кои треба да се земат предвид ги вклучуваат достапните технологии (на пример, интернет, видео и мобилни телефони, далечинско учење и онлајн учење) и како учениците можат да користат ИКТ и социјални медиуми во глобалното граѓанско образование (на пример, создавање поткасти и блогови, спроведување на истражувања, интеракција со реални сценарија од животот и соработка со други ученици). Образовните платформи на далечина и онлајн учење и платформите за размена на информации, исто така, може да ги користат и наставниците за да го доразвијат сопственото разбирање и способност.

**ПРИМЕРИ ОД РАЗНИ ДРЖАВИ**

Иницијативата на Британскиот совет ***Поврзување на училниците*** ги поврзува училниците од различни делови на светот, давајќи им можност на учениците да стекнат разбирање за различните култури, да се ангажираат во решавање проблеми и да развијат вештини за глобално граѓанство. Наставниците ги развиваат своите вештини на предавање за прашања поврзани со глобалното граѓанство, учат за различни образовни системи и ги подобруваат своите наставни вештини. Еден пример е партнерството помеѓу основно училиште во руралниот Линколншир (Обединето Кралство) и основно училиште во Бејрут, Либан, каде што децата имаа можност да зборуваат едни со други преку *Скајп* на тема: „Живееме заедно“. Поради тековната криза во Сирија, училиштето во Бејрут има голем број сириски деца бегалци, како и либански и палестински ученици. Иницијативата создаде емоционална врска на емпатија меѓу учениците од двете училишта, а, исто така, промовираше емпатија и меѓу различните заедници во училиштето во Бејрут.
https://schoolsonline.britishcouncil.org/linking-programmes-worldwide/connecting-classrooms/spotlight/Libanon

Во **Англија**, јуниор училиштето во Слау се поврза со училиште во Делхи, **Индија**. Над 90 % од децата во училиштето во Слау се од етничко потекло од Јужна Азија. Врската се направи за на еден начин на учениците да им се помогне да останат во контакт со нивните културни корени, а на наставниците да им се овозможи да развијат подобро разбирање за културната позадина на децата. Преку развојот на односите на индивидуална основа, користејќи интернет и електронска пошта, децата и наставниците кои учествуваа во проектот развија постојан дијалог и глобална перспектива.
http://webarchive.nationalarchives.gov.uk/20130401151715/http://education.gov.uk/publications/eorderingdownload/1409-2005pdf-en-01.pdf



15 Joyce and Weil (2008).
16 Andreotti (2006); Larsen (2008); *Taking it Global* (2012); *Think Global* (2013); UNESCO Associated Schools Project.

**Меѓународната мрежа за образование и ресурси (ИЕАРН)** е непрофитна организација од над 30 000 училишта и младински организации во повеќе од 140 земји. ИЕАРН им помага на наставниците и на младите луѓе да работат заедно преку интернет користејќи интернет и други комуникациски технологии. Секој ден повеќе од 2 милиони ученици се вклучени во заедничка проектна работа низ целиот свет преку ИЕАРН. http://www.iearn.org/

Во **Нигерија и Шкотска**, проектот ***Пауер политикс*** (заеднички проект кој вклучува училишта) има за цел да ја подигне свеста за прашањата за глобалниот развој и да ги промовира односите меѓу земјите. Работејќи со учениците и наставниците во Порт Харкорт, Нигерија и Абердин, Шкотска, проектот развива наставни планови и програми за решавање на проблемите поврзани со нафтата и гасот, главните индустрии во двата региона. На пример, учениците во Порт Харкорт направија филм за позитивните и негативните ефекти на нафтата на нивната земја, идентификувајќи ги економските, социјалните, еколошките и политичките влијанија; учениците, пак, од едно училиште во Абердин направиле стрип за да ги објаснат милениумските развојни цели и да размислуваат како да постават приоритети за агендата по 2015 година. http://www.powerpolitics.org.uk/resources

***Тејкинг ит глобал фор едукаторс*** **(Taking it Global for Educators)** е мрежа од 4 000 училишта и 11 000 наставници во повеќе од 125 земји, која има за цел да ги охрабри младите луѓе да се запознаат и да се вклучат во глобалните предизвици, со фокус на глобалното граѓанство, грижата за животната средина и гласот на учениците. Наставниците имаат поддршка да ја користат технологијата за да создадат трансформациски искуства за учење на своите ученици. Оваа мрежа нуди заедница на наставници кои се заинтересирани за соработка во меѓународни проекти за учење и безбедна платформа на виртуелна училница без реклама, која е дизајнирана за поддршка на меѓународната соработка, преку користење на дигитални медиумски алатки. Таа, исто така, обезбедува практични е-курсеви за професионален развој, вебинари и лични работилници за глобално граѓанство, грижа за околината и глас на учениците, низа програми отворени за училници ширум светот кои обезбедуваат иновативни начини на настава и учење за специфични глобални проблеми и база на податоци за глобалните образовни ресурси за наставни планови и програми и наставни содржини кои се развиени од страна на наставници за други наставници. Глобалната младинска акциска мрежа, програмата ***Тејкинг ит глобал фор едукаторс***, исто така, создаде центар за поддршка на младинските движења и младинскиот активизам. http://www.tigweb.org http://www.youthlink.org/gyanv5/index.htm

Во заедничка иницијатива меѓу владата на **Тунис**, Арапскиот институт за човекови права, локалните невладини организации и агенциите на ОН, Тунис има формирано училишни клубови за човекови права и граѓанство во 24 основни и средни училишта. Целта е да се пренесат знаењата за демократијата, кои се поврзани со општествениот контекст и ширење на вредностите и принципите на човековите права и граѓанството меѓу образованите млади луѓе, преку користење на партиципативна педагогија насочена кон проекти за граѓанството. Првиот училишен клуб беше отворен во *Баб Халед*, основно училиште во Меласин, сиромашна област во Тунис. Учениците учествуваа во управувањето со нивниот училиштен простор и во заеднички проекти со цел да развијат вештини за граѓанско учество и да ја подобрат локалната заедница.

http://www.unesco.org/new/en/media-services/single-view/news/
launch_of_the_first_citizenship_and_human_rights_school_club_in_tunisia/#. VDoyblFpvJw

## 3.3. Како да се оценат резултатите од учењето?

Проценката и евалуацијата во глобалното граѓанско образование може да послужат за различни цели. На пример, тие можат да се користат за:

▪ собирање на информации и бележење на напредокот и постигнувањата на учениците во однос на очекувањата од наставната програма;
▪ комуникација за напредокот на учениците, идентификација на силните страни и подрачјата за раст и за тоа како да се користат овие информации за да се утврдат целите на учењето;
▪ донесување на одлуки за оценување на ученикот и академските и професионалните избори;
▪ обезбедување на повратна информација за успехот на наставниот процес и/или курсот/програмата за да помогне во планирањето, спроведувањето и подобрувањето на наставата.

Во оваа водечка рамка, проценката и евалуацијата првенствено се разгледуваат во контекст на подобрување на резултатите од учењето и помагањето да се одредат силните страни и подрачјата за подобрување, да се адаптираат наставните програми и наставните пристапи кон потребите на учениците и да се оцени севкупната ефективност на програмската практика и практиката во училница. Важно е оценувањето да го надмине знаењето на учениците за фактите, а, исто така, и да вклучува проценка на вештини, вредности и ставови.

При планирањето на оценувањето и вреднувањето на глобалното граѓанско образование треба да се земат предвид различни прашања, како што се:
▪ Кои се клучните подрачја на учење кои треба да се решат во сеопфатниот план за проценка и евалуација?
▪ Како ќе знаеме дали учениците успешно учат? Кои индикатори можат да се користат?
▪ Што ќе прифатиме како доказ за разбирање и развивање на вештините на учениците?
▪ Кои видови проценки ќе бидат најкорисни за собирање на докази за учење?

Избраниот пристап ќе зависи од контекстот, бидејќи различните образовни системи применуваат различни пристапи за проценка и вреднување на учењето. Исто така, ќе зависи и од тоа како глобалното граѓанско образование е дадено, на пример, во наставната програма или во рамките на одреден/одредени предмет/предмети или некој друг модалитет.

Методите на оценување, формативни или сумативни, треба да бидат усогласени со целите на учењето и практиките за настава и учење. Со оглед на различноста на целите на учење и компетенциите кои произлегуваат од глобалното граѓанско образование, најверојатно ќе биде потребен голем број методи (на пример, задачи, демонстрации, набљудувања, проекти, задачи за извршување, тестови) за прецизно оценување на учењето. Премногу малиот опсег на методи за оценување само ќе обезбеди ограничена слика за она што учениците го научиле.

Наставниците по глобално граѓанско образование можат да ги земат предвид пошироките цели на оценувањето и да ја надминат ексклузивната употреба на **оценување на учењето** за да вклучат **оценување за учење** и **оценување**

**како учење**. Ова е од особена важност, бидејќи тие се ангажирани во подрачје на образование со широки трансформациски цели. Сегашната практика предлага наставниците да користат мешавина на традиционални методи за оценување со порефлексивни методи и методи базирани на резултати, како што се самооценувањето и оценувањето од соучениците, кои ги опфаќаат согледувањата на учениците за, на пример, лична трансформација, продлабочено разбирање на критичкото истражување и ангажирање на граѓанска агенција. Практиките за проценка имаат за цел да го проценат личниот развој/интеграцијата и социјалната свест. Како дел од оценувањето, наставниците на учениците им обезбедуваат повратни описни информации кои ги насочуваат во нивните напори за подобрување. Во процесот на оценување, исто така, се охрабрува да се користи можноста за самооценување и рефлексивни белешки и портфолија, како и повратни информации од соучениците.

При проценката и евалуацијата на резултатите од учењето за глобалното граѓанско образование треба да се земат предвид и процесите (на пример, практиките за настава и учење, ангажманот на ученикот), резултатите (на пример, индивидуалните и групните знаења, вештини, вредности и ставови и достигнувања), како и контекстуалните прашања (на пример, наставните планови и програми, институционалните политики, наставните компетенции, административната посветеност и поддршка, ресурсите, средината за учење, односите со заедницата). Во текот на процесот на планирање, прашањата за валидност, сигурност и праведност треба да се земат предвид при дизајнирањето и примената на практиките за проценка и евалуација.

Иако сè уште нема глобално договорени индикатори за следење на резултатите од учењето за глобалното граѓанско образование, се очекува предложената мерна рамка и потенцијалните индикатори наскоро да бидат достапни. Постојат голем број истражувања кои се обидуваат да ги проценат резултатите од глобалното граѓанско образование во различни опкружувања (види: Дел 1), додека напорите на разни засегнати страни се во тек, особено во поглед на предлогот за вклучување на глобалното граѓанско образование, заедно со образованието за одржлив развој, како една од целите на образовните цели во развојната агенда по 2015 година. УНЕСКО придонесува кон овие напори со тоа што прави истражувања, а резултатите од истражувањата ќе се користат за да се развијат предлози базирани на докази за потенцијалните индикатори и размислувања за собирање на податоци.

**ПРИМЕРИ ОД РАЗНИ ДРЖАВИ**

Процес на евалуација беше спроведен од страна на *План интернешнл* и *Центарот за младински истражувања* при универзитетот во Мелбурн за програмата за глобално граѓанско образование во Австралија и во Индонезија. Програмата „ги поврзува групите ученици во австралиските училишта со деца во индонезиските заедници за да поттикне разбирање за тоа како проблемите со кои се соочуваат младите во нивните заедници се однесуваат на пошироките глобални прашања“. Истражувањето е спроведено во периодот од 2008 до 2011 година за да се проценат резултатите од програмата за позитивните промени во свеста, за разбирањето на глобалните проблеми и за развојот на вештините. Истражувачите откриле дека „учесниците кои биле во можност да се ангажираат подолго време, биле во состојба да идентификуваат поголеми резултати од учењето и да ги земат предвид нивните улоги во светот на значително изменети начини“.

***Меѓународната студија за граѓанско образование*** (ИЦЦС), администрирана од *Меѓународната асоцијација за оценување на образовните постигнувања* (ИЕА), ги оценува постигнувањата на учениците во тестот на знаење и концептуалното размислување, како и ученичката диспозиција и ставовите кои се однесуваат на граѓаните и граѓанството.

Наставниците и училишните прашалници собираат информации за контекстите во кои учениците учат за граѓаните и граѓанството, вклучувајќи ги практиките за управување со наставата и училницата, како и управувањето со училиштето и климата. ИЦЦС 2009 ги оцени учениците запишани во осмо одделение (средна возраст – 13,5 години). Следната ИЦЦС 2016 ќе известува за знаењето и разбирањето на учениците за концептите и прашањата поврзани со граѓанството и граѓанската припадност, како и за нивните верувања, ставови и однесувања.

Освен оценувањето на резултатите од учењето, важно е и постојаното **следење и проценка на квалитетот на програмите за глобално граѓанско образование,** кои може да се преземат на различни начини. Ова може да се направи ако се земат предвид различните програмски аспекти (на пример, очекувањата за учење, ресурсите, наставните компетенции, средината за учење); процесите (на пример, наставните практики, ресурсите за учење, ангажирањето на учениците); резултатите (на пример, знаењето, вештините, вредностите и ставовите, трансформацискиот ефект) и контекстуалните размислувања**.**

Спроведувањето на ефективна проценка на програмите за глобално граѓанско образование треба да се интегрира во проценките кои се веќе присутни, онаму каде што е можно, и зависи од голем број фактори. Потребно е јасно да бидат дефинирани целите и индикаторите за проценка (на пример, статус, олеснувања, резултати), да се земат предвид природата на популацијата која се поучува/учи и контекстот, видот на информации кои претставуваат прифатливи докази и да се одредат методите за собирање на податоците. Другите димензии треба да се земат предвид како дел од посеопфатната стратегија, вклучувајќи ги и официјалните документи за наставните програми, институционалните политики и програми, образовната средина и односите, односите во заедницата, професионалното учење и административната посветеност и поддршка. Различните размислувања (на пример, опсегот, релевантноста, артикулацијата, континуитетот), исто така, бараат континуирано внимание при проценката на програмата.

Резултатите од проценката на програмата може да се користат за разни цели, како што се: идентификување на програмските ограничувања; известување за локалните, националните, меѓународните трендови и резултати; оценување на ефективноста на програмата или промовирање на отчетност и транспарентност. Податоците треба да помогнат во донесувањето одлука за начинот на кој учениците треба да напредуваат и да го подобрат, но и да го одржат учењето. Таквата култура, ориентирана кон учењето, го дефинира успехот како подобрување, а грешките ги смета како редовен дел од процесот на подобрување на наставата/учењето.

# Анекси

# Анекс 1: Избрани онлајн практики и ресурси

## Онлајн-бази на податоци

УНЕСКО клириншка куќа за глобално граѓанско образование, домаќин на Азископацифичкиот образовен центар за меѓународно разбирање (АПЦЕИУ), Институт на УНЕСКО II категорија. www.gcedclearinghouse.org
База на податоци на УНЕСКО за глобално граѓанско образование. Базата на податоци вклучува сродни материјали објавени од УНЕСКО. www.unesco.org/new/en/education/resources/in-focus-articles/global- citizenship-education / documents-unesdoc /

